30413



13068

НОВА МАКЕДОНИЈА
САБОТА

# (Зло) употреба на човекот

**● (ПОВОД: „КОМУ МУ Е ПОТРЕБЕН „ШПАНСКИОТ“ ЕНФОРМЕЛ“)**

*Како историчари на уметноста вработени во Музејот на современата уметност во Скопје, чувствуваме потреба да дадеме некои свои појаснувања и забелешки за читателите на весникот „Нова Македонија“, во врска со текстот на Владимир Георгиевски „Кому му е потребен „шпанскиот“ енформел“, објавен во овој весник на 4 јуни 1983 година, стр. 8.*

*Пред сѐ, депласирано е да се води сега, кон крајот на XX век, полемика за нешто што се појавило во почетокот на истиот и што е веќе валоризирано и му е дадено соодветно место во историјата на современата светска уметност. Дотолку повеќе што и во Македонија, уште пред 30 години, жестоко се полемизираше на таа тема од страна на повеќе познати стручни пера на тогашниот културен живот. Во сите тие широки ликовно—естетски и социолошко—филозофски размислувања во светската ликовна теорија на уметноста, одамна е прифатено толкувањето, дека едно уметничко дело не се оценува зависно од тоа дали ѝ припаѓа на апстракцијата или на фигурацијата (за разлика од апсурдниот пристап на В. Г.), туку согласно на неговите ликовни квалитети, естетско—етички пораки итн. Согледувајќи ги овие, веќе нотори факти, дотолку е понеприфатлив ваков вид на исклучивост на текстот на овој сликар и ликовен педагог, кој* **a priori**, *мошне ѓрско и невкусно сака да го наметне својот приватен став и афинитет. Тој ги негира вредностите на апстрактното ликовно изразување како слободна определба на секој автор, што во еден одреден историски миг од нашиот културен развој значеше, а и денес значи, не само индивидуално уметничко изразување, туку и своевидно духовно ослободување и демократизација и уметничкото творештво.*

*Па така и енформелот, анатемисан од авторот на текстот, е веќе валоризирана и призната историска вистина и тој во нашиот Музеј се прикажува не како актуелен миг на современата светска уметност, туку како дел од нејзината историја. А шпанскиот енформел, во меѓународни рамки на вреднување, се наоѓа на врвот на оваа стилска ориентација, која и во нашата ликовна уметност, во одредени фази од творештвото на редица уметници, па и македонски автори имаше свој длабок и значаен одраз (П. Мазев, Р. Анастасов, О. Петлевски, Р. Калчевски, Д. Аврамовски, И. Велков и др.) кои тогаш а и денес се наоѓаат на самиот врв на македонската, а некои од нив и на југословенската ликовна уметност.*

*Меѓутоа, во моментот кога нашата земја прави напори да ги продлабочи културните врски со Шпанија (изложбата „Шпанскиот енформел“ ги обиколи сите републички центри во Југославија и наиде на мошне добар прием), водејќи притоа сметка да презентира врвни уметнички вредности, крајно е неразбирлив и неодговорен односот на културната рубрика на „Нова Македонија“ како повод за иницирање на ваква „полемика“ да се послужи токму со оваа изложба, објавувајќи еден небулозен и злонамерен текст. Напротив, би требало да се очекува во напорите за презентирање на одделни врвни достигнувања во уметничкото творештво на одредени национални средини надвор од земјата, соодветно и објективно да ги информира своите читатели, респектирајќи ги и напорите на земјата—гостин и на застапените автори. Меѓу нив, да споменеме, дека се наоѓаат и светски познати сликари Маноло Миљарес и Рафаел Каногар кои се дарители на Скопје. Со ваков однос, логично се чини, дека одговорните во културната рубрика во случајов, не се доволно запознати со вредностите на презентираната изложба.*

*А што се однесува до авторот на текстот, кој е истовремено и ликовен педагог, ако ја респектира својата професија, не би требало да си дозволи на ваков начин да ги декларира и наметнува како аксиома своите сопствени размислувања и наклонетости кон определени насоки во уметноста. Со тоа, во крајна граница, тој всушност негира и голем број на движења во ликовната уметност на XX век што не се поврзани со фигурацијата, нереспектирајќи ги творештвата на сите свои колеги што согледуваат дијаметрално различен ликовен концепт од неговиот. Тие движења се одраз на нашево време и сведоштва дека уметноста во него е способна и треба да наоѓа нови поттици и изрази, а не да биде епигон на изминати и во одредени временски констелации осведочени вредности. Уметноста не застанала со Гоја, Веласкез, Ел Греко... Во речиси фатумска опседнатост од овие величини навистина е тешко да се најде сопствениот начин на ликовна артикулација, кон кој В. Г. така трескавично стреми, рушејќи ги сите оние творци кои не му се истомисленици. В. Г. се декларира како бранител на човечките достоинства. Се прашуваме: во име на кој човек тој ни го предлага вака деструктивно интонираниот морал во повикот за полемика?*

*Впрочем, кога се сака добронамерно, чесно и искрено да се полемизира, тогаш културата на дијалогот треба докрај да биде ослободена од тенденциозност и омаловажувачки тоналитет на пристапот. Во спротивност и културните дејци во земјите каде што тоа гостувале нашите уметници (Париз, Рим, Лондон Њујорк, Мексико—сити и др.) — средини со многу побогата традиција во уметноста, би можело да напишат: „Кому му е потребна македонската современа уметност“? Но тоа, од разбирливи причини не го напишале.*

**Стручен колегиум на Музејот на современата уметност. Скопје**

* * *